Предлагач: **Градоначалник**

Изготвувач: **Сектор за урбанизам,заштита на животната средина и ЛЕР**

# ПРОГРАМА

**За уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Конче за 2025 година**

**Декември 2024 година**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и"Службен весник на Р.С. Македонија" бр.202/24 ), член 95 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016, 275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24 и 233/24 ) и Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на Република Македонија" бр.193/2016 и 72/2018), Советот на Општина Конче на седница одржана на ден 25.12.2024 година донесе

# П Р О Г Р А М А

За уредување на градежно земјиште на просторот
на Општина Конче за 2025 година

**ВОВЕД:**

Со оваа Програма се уредува:

I. Просторот кој е предмет на уредување;
II. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
III. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура;
IV. Изворите за финансирање на Програмата;
V. Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;
VI. Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште и неговата распределба;
VII. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата;
VIII. Средства наменети за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти;
IX. Динамика на извршување на програмата;
X. Преодни и завршни одредби.

## 1. ПРОСТОРОТ КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет за уредување со поблиско определување на земјиштето што се уредува се смета изградено и неизградено градежно земјиште на просторот на Општина Конче, прогласен како градежен реон.

## 2. ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира:

II – 1 Подготвителни работи;
II – 1 Расчистување на градежното земјиште.

### 2 – 1 Подготвителни работи

Под подготвителни работи се подразбира:
- Изготвување на геодетска документација;

- Извршување на основните геомеханички испитувања на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комунална инфраструктура.

## 2 – 2 Расчистување на градежното земјиште

Расчистување на градежното земјиште на градежните парцели е со цел да се изврши опремување на градежната парцела со објекти од комунална инфраструктура.

Под расчистување на градежното земјиште и градежната парцела се смета:

- Решавање на имотно правните односи;
- Опремата, уривање на објектите со транспортот на материјалот со уривањето до депо.

## 3 ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИТЕ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под уредување на градежно земјиште се подразбира изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување водоводна, фекална и друга исталација со приклучоци до градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде целосно или делумно.

Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременост на земјиштето со објекти на комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде основен, повисок или понизок од основниот степен на уреденост.

### 3–1 Основен степен на уреденост на градежно земјиште опфаќа:

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат и улици, пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови,
- водоводна мрежа и
- фекална канализација.

### 3–2 Повисок степен на уреденост на градежно земјиште ги опфаќа објектите од III–1 како и:

- ПТТ (оптичка-телекомуникациона) мрежа,
- топлификациона мрежа,
- паркинг простори и
- пречистителна станица за отпадни води.

### 3–3 Понизок степен на уреденост на градежно земјиште опфаќа:

- непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат,
- сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа),
- септичка јама (нема приклучок на фекална канализација) и
- нестандардно улично осветлување.

### 3–4 Опремување со објекти од комунална инфраструктура до градежна парцела

а) Опремување со објекти од комунална инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка во кои спаѓаат:

- Основни сообраќајници (примарни и секундарни);
- Непречен пристап до градежните парцели од јавен пат;
- магистрални и примарни водоводи за довод на вода заедно со пратечки објекти;
- Магистрални и примарни водоводи за одвод на фекална вода заедно со пратечки објекти;

- Јавни прометни површини (улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистичките планови);
- Изградба на јавно осветлување и
- Изградба на јавно зеленило.

Овие елементи преставуваат претходни вложувања за опремување на градежното земјиште а учествуваат со 30% од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

б) Индивидуална комунална потрошувачка за кои е извршено или ќе се изврши;
- Изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерната шахта;
- Изградба на секундарна фекална мрежа до последната шахта.

Трошоците за уредување на градежното земјиште до градежната парцела која е доделена на користење согласно склучените договори со корисниците, ги плаќа општина Конче со едно приклучно место за секој објект од инфраструктурата на една градежна парцела. Целосно уредување на градежното земјиште се врши по обезбедување на правни, технички услови и материјални сретства.

## 3–5 Опремување со објекти од комунална инфраструктура во границите на градежната парцела:

Уредување на градежното земјиште во границите на градежната парцела со комуналната и сообраќајна инфраструктура и партнерното уредување го врши корисникот на земјиштето (инвеститорот);
- Проектирањето и изградбата на инфраструктурната мрежа за висок напон, друга инсталација и објекти, трафостаници или учество во нив, корисникот на земјиштето го регулира согласно енергетската согласност издадена од ЕВН Македонија АД;
- Доколку изградените објекти од комуналната инфраструктура останувaат во границите на градежната парцела на корисникот и под објектите што ќе ги гради корисникот на земјиштето мора да побара писмена согласност од надлежниот општински орган кој дава согласност по мислење од соодветното комунално претпријатие.
- Трошоците за заштита на тие објекти ги сноси корисникот на земјиштето.
- Трошоците за пресметување на постојните објекти од комуналната инфраструктура што пречат за изградба и користење на објектите ги сноси корисникот на земјиштето со исклучок на трошоците за преместување на постојните инфраструктурни инсталации што пречат за изградба на објектите и користење, изградени без согласност на надлежниот општински орган и
- Трошоците за расчистување на градежното земјиште и гео-механичките испитувања ги сноси корисникот на земјиштето. Исто така корисникот на земјиштето е должен да ги надомести на општината, порано направените трошоци за расчистување на градежната парцела.

## 4. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

### 4-1 ПРИХОДИ

Програмата за уредување на градежното земјиште за 2025 година ќе се финансира преку следните извори на средства:

| Бр. | Опис | Цена |
|---|---|---|
| 1. | Буџет на Општина Конче | 43.985.000,00 |
| 2. | Приходи од Р.Македонија - Јавно претпријатие за државни патишта | 2.200.000,00 |
| 3. | Буџет на РСМ | 50.815.334,00 |
| 4. | Министерство за локална самоуправа ( Биро за регионален развој) | 2.700.000,00 |
| **Вкупно** | | **99.700.334,00** |

### 4-2 РАСХОДИ

**1. ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

| Бр. | Опис | Цена |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на проекти за улици и локални патишта во Општина Конче | 800.000,00 |
| 2. | Ревизија на проекти | 200.000,00 |
| 3. | Изработка на проекти за водоснабдување | 800.000,00 |
| 4. | Изработка на геодетски елаборати за сите намени | 500.000,00 |
| 5. | Изработка на елаборат за животна средина | 100.000,00 |
| 6. | Изработка на проекти за регулација на речни корита | 200.000,00 |
| 7. | Изработка на проекти за фекална канализација | 200.000,00 |
| 8. | Изработка на проекти за друг вид на објекти(објекти од јавен интерес) | 100.000,00 |
| 9. | Изработка на сообраќајни проекти | 100.000,00 |
| **Вкупно** | | **3.000.000,00 буџет на општина Конче** |

**2. ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА**

| Бр. | Опис | Цена |
|---|---|---|
| 1. | Реконструкција на улица 2 и изградба на потпорен ѕид во с.Дедино Министерство за транспорт на РСМ | 5.750.000,00 |
| 2. | Изградба на дел од сервисна улица 6 во с.Долни Липовиќ Буџет на општина Конче | 1.800.000,00 |
| 3. | Изградба на улица 10 с.Дедино Буџет на РСМ Биро за регионален развој | 2.700.000,00 |
| 4. | Изградба на улица 19 с.Габревци Буџет на РСМ | 4.273.000,00 |
| 5. | Изградба на улица 9 во с. Лубница Буџет на РСМ | 2.834.000,00 |
| 6. | Изградба на улица 4 во с. Лубница Буџет на РСМ | 1.877.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Изградба на пристапна улица на КП 4653 с.Конче Буџет на општина Конче | 458.000,00 |
| 8. | Уредување на дел од крајбрежен појас на река Дединска с.Дедино Буџет на општина Конче | 417.000,00 |
| 9. | Изградба на општински пат од населено место с.Ракитец до регионален пат Р2434 КО Ракитец Министерство за транспорт на РСМ | 3.114.000,00 |
| 10. | Уредување на јавни површини – тротоари, пешачки патеки, паркинзи и др. во Општина Конче Буџет на општина Конче | 6.000.000,00 |
| 11. | Поставување на сообраќајна сигнализација (сообраќајни знаци, патокази) Буџет на општина Конче | 200.000,00 |
| 12. | Изградба на потпорни зидови во населените места Буџет на општина Конче | 1.500.000,00 |
| **Вкупно** | | **30.923.000,00** |

## 3. ВОДОВОДИ

| Бр. | Опис | Цена |
|---|---|---|
| 1. | Реконструкција на систем за водоснабдување во с.Лубница Буџет на општина Конче | 8.000.000,00 |
| 2. | Доизградба на систем за водоснабдување во с.Д.Липовиќ Буџет на општина Конче | 6.000.000,00 |
| 3. | Доизградба на систем за водоснабдување во с.Конче Буџет на општина Конче | 5.000.000,00 |
| 4. | Поставување на фотоволтаична централа на пумпна станица за с.Дедино Буџет на општина Конче | 1.500.000,00 |
| 5. | Реконструкција на системи за водоснабдување во населени места Буџет на општина Конче | 500.000,00 |
| **Вкупно** | | **21.000.000,00** |

## 4. ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

| Бр. | Опис | Цена |
|---|---|---|
| 1. | Доизградба на фекална канализација во населени места во општина Конче Буџет на општина Конче | 1.000.000,00 |
| **Вкупно** | | **1.000.000,00** |

## 5. РЕГУЛАЦИЈА НА РЕЧНИ КОРИТА

| Бр. | Опис | Цена |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на речно корито на Канал 1 во с.Ракитец Буџет на РСМ | 19.501.423,00 |
| 2. | Регулација на природен водотек –отворен канал во с.Дедино Буџет на РСМ | 2.576.911,00 |
| | **Вкупно** | **22.078.334,00** |

## 6. ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА

| Бр. | Опис | Цена |
|---|---|---|
| 1. | Надоместок за експропријација за земјиште за изградба на инфраструктурни објекти Буџет на општина Конче | 300.000,00 |
| | **Вкупно** | **300.000,00** |

## 7. НАДЗОР НА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ

| Бр. | Опис | Цена |
|---|---|---|
| 1. | Надзор на изградба на објект | 1.000.000,00 |
| | **Вкупно** | **1.000.000,00** |

## 8. ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ ОБЈЕКТИ

| Бр. | Опис | Цена |
|---|---|---|
| 1. | Поставување на фотонапонски панели на општинска административна зграда во с.Конче Буџет на РСМ | 3.000.000,00 |
| 2. | Поставување на фотонапонски централи на пумпни станици на водоводи Буџет на РСМ | 1.500.000,00 |
| 3. | Изградба на соблекувална на фудбалско игралиште во с.Конче Министерство за спорт на РСМ | 8.589.000,00 |
| 4. | Изградба на помошен објект (гаража) за возила во двор на општинска зграда Буџет на општина Конче | 500.000,00 |
| 5. | Реконструкција на оградни зидови со партерно и хортикултурно уредување на КП 1793 и 1794 КО Габревци с.Габревци Буџет на општина Конче | 4.810.000,00 |
| | **Вкупно** | **18.399.000,00** |

## 9. УРБАНА ОПРЕМА

| Бр. | Опис | Цена |
|---|---|---|
| **1** | Изградба на детско катче во с.Конче Буџет на општина Конче | 1.500.000,00 |
| **2** | Набавка на урбана опрема (клупи, корпи за отпадоци, детски реквизити) Буџет на општина Конче | 500.000,00 |
| **Вкупно** | | **2.000.000,00** |

## 4-3 РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

| Бр. | Опис | Цена |
|---|---|---|
| 1. | **ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА** | 3.000.000,00 |
| 2. | **ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА** | 30.923.000,00 |
| 3. | **ВОДОВОДИ** | 21.000.000,00 |
| 4. | **ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА** | 1.000.000,00 |
| 5. | **РЕГУЛАЦИЈА НА РЕЧНИ КОРИТА** | 22.078.334,00 |
| 6. | **ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА** | 300.000,00 |
| 7. | **НАДЗОР НА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ** | 1.000.000,00 |
| 8. | **ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ ОБЈЕКТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КОНЧЕ** | 18.399.000,00 |
| 9. | **УРБАНА ОПРЕМА** | 2.000.000,00 |
| **Вкупно** | | **99.700.334,00** |

## 5. РЕОНИЗАЦИЈА НА УРБАНИОТ ПРОСТОР ВО ОПШТИНА КОНЧЕ И ВИСИНА НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се наплаќа во зависност од видот на објектот и од степенот на уреденост на градежното земјиште или планираниот

степен на уреденост на градежното земјиште, а за нето развиена градежна површина. Пресметувањето на корисната површина е согласно техничките нормативи и правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште (Сл.весник на РМ бр.193/2016).

**Коефициенти**

**1.За станбени објекти**

| | |
|---|---|
| - Стнбени простории | 1.0 |
| - Станбени простории совисина до 2.5м подпокривен простор | 0.2 |
| - логија затворена од три страни | 0.4 |
| - подлоѓија затворена од две страни | 0.3 |
| - балкони,тераси | 0.2 |
| - заеднички проодни тераси,пасажи | 0.2 |
| - помошни простории,остава за гориво, котлара,визба | 0.3 |
| - трафостаница од 35 КВ во објект и надвор од објект | 0.3 |
| - скалишен простор и заеднички комуникации | 0.3 |
| - стражарници,управител,простории за домар | 0.5 |
| - паркиралишта и гаражи | 0,1 |

**2.За деловни и јавни објекти**

| | |
|---|---|
| -простории | 1.0 |
| - магацини | 0.5 |
| - помошни простории,остава за гориво,котлара | 0.3 |
| - трафостаници до 35 КВ во објект и надвор од објекти | 0.4 |
| - скалишен простор и заеднички комуникации | 0.5 |
| - паркиралишта и гаражи | 0.1 |
| -логија затворена од три страни | 0.5 |
| - подлогија затворена од две страни | 0.4 |
| - балкони,тераси | 0.3 |
| -отворен наткриен простор | 0.3 |

**3.За други објекти**

| | |
|---|---|
| -катни гаражи | 0.05 |
| - спортски покриени објекти | 0.5 |
| - спортски откриени објекти | 0.3 |
| -гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата за 50 % од површината на локацијата | 1.0 |
| - отворени пазаришта за 30% од површината на локацијата | 1.0 |
| - базени | 0.2 |
| - трафостаници над 35 КВ | 1.0 |

**4.За објекти од група на класа на намени Г-производство,дистрибуција и сервиси :**

| | |
|---|---|
| -Г1 тешка и загадувачка индустрија | 0.05 |
| -Г2 лесна и незагадувачка индустрија | 0.05 |
| -Г3 сервиси | 0.05 |
| -Г4 стоваришта | 0.05 |

**5.За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини(продавници,кафетерии и ресторани,**
**авто сервиси,авто салони,помошни простории)**

| | |
|---|---|
| -продажни простории на бензиските пумпни станици | 1.0 |

-услужни простории на бензинските пумпни станици 1.0

**6.За линиски инфраструктурни објекти - државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35КВ како и за брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.**

**7.За објекти од групата на класа на намени Б5-угостителски и туристички комплекси ,хотелски комплекси и одмаралишта и за објекти од групата на класа на намени А4-хотел,мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом**

-сите простории 0.05

**8.За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица**

-сите простории 0.05

**9.За објекти за високо образование**

-сите простории 0.5

**10.За објекти за култура**

-сите простории 0.01

**11.За објекти за терцијална здравјствена заштита**

-сите простории 0.05

**Надоместок за уредување на градежно земјиште за домување во семејни куќи за индивидуално домување**

-во населените места: с.Конче 400 денари/м2, Лубница, Дедино, Габревци, Ракитец и Долни Липовиќ 300 денари/м2, с.Горни Липовиќ 150 денари/м2.

**Надоместок за уредување на градежно земјиште за викенд куќи на Сончева езерска населба Мантово**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште е 10.000 денари/м2.

**За објекти со намена Б1,Б2,Б3,Б4**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште е 3.000 денари/м2.

**За објекти со намена Г1,Г2,Г3 и Г4**

За објекти од група на класи на намени Г- производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежно земјиште неможе да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година, помножена со коефициентите опишани од правилникот.

**За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште е 5.000 денари/м2.

**За објекти од групата на класа на намени Б5- угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одмаралишта и за објекти од групата на класа на намени А4-хотел,мотел,планинарски дом и ловен дом**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште е 15.000 денари/м2.

**За објекти од јавен карактер и тоа:објект од здравство, култура, спорт, верски објекти**
Надоместокот за уредување на градежното земјиште е 1.500 денари/м2.

Со одлука на Советот на Општина Конче некои објекти од јавен интерес можат да бидат ослободени од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште.

| | |
|---|---|
| 1 | (1) Доколку со изградбата на објекти предвидено е отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти.<br>(2) Во случаите од став (1), површините на подпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површината на наведените простории и делови од објектот". |
| 2 | За линиски инфраструктурни објекти - државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, далноводи со напонско ниво од и над 35 КЊ како и за брани со акумулации, а инвеститор е општината, не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште. |
| 3 | За фотоволтаични централи висината на надометокот за уредување на градежно земјиште кои се поставуват на земјиште изнесува 150 ден/м2 од површината на фотоволтните панели.<br>За фотоволтаични централи кои се поставуват на покриви од објекти изнесува 100ден/м2 од површината на фотоволтните панели. |
| 4 | Надоместокот за поставување на електронски комуникациски мрежи за:<br>- столб, изнесува 40.000,00 денари/единица - на еден столб<br>- подземен и надземен кабел, изнесува 500 денари/м1 |
| 5 | Надоместокот за поставување на Мрежи и водови за пренос на електрична енергија за:<br>- столб за високонапонска мрежа, изнесува 30.000,00 денари/единица - на еден столб<br>- подземен и надземен кабел за високонапонска мрежа, изнесува 500,00 денари/м1<br>- столб за нисконапонска мрежа, изнесува 10.000,00 денари/единица - на еден столб<br>- подземен кабел за нисконапонска мрежа, изнесува 100,00 денари/м1<br>- надземен кабел за нисконапонска мрежа, изнесува 100,00 денари/м1 |
| 6 | Надоместокот за изградба на Базни станици за мобилна телефонија, изнесува 5.000,00 денари /м2 |
| 7 | Надоместокот за изградба на трафостаници од втора категорија, изнесува 5.000,00 денари/м2 |
| 8 | Надоместокот за изградба на трафостаници од прва категорија и команден центар, изнесува 5.000,00 денари/м2, |
| 9 | Надоместокот за изградба на трафостаници од прва категорија Ђ команден центар (администрација), изнесува 5.000,00 денари/м2 |

## 6 НАЧИН ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖАВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште како и за начинот на плаќање на надоместокот се склучува договор, во кој се регулираат правата и обврските на договорните страни со утврдени рокови за извшување на истите.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од станбен во друг вид простор се наплатува во висина на евентуалната разлика еднократно, а сретствата се неповратни.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за пренамена од друг вид простор (јавен, деловен, производен и друг) во станбен простор не се наплатува.

Во случај кога опремувањето на градежното земјиште е завршено во претходниот период за целосно уредено градежно земјиште, корисникот на земји-штето плаќа надоместок до висина на реалните трошоци за уредување - целосен надоместок.

Во случај кога градежното земјиште се доуредува (кога е изградена основна инфраструктурна мрежа, а на неа траба да се доизгради секундарна инфраструктурна мрежа) корисникот на земјиштето е должен да инвестира во нејзината изградба.

Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто нема да се уреди, корисникот на земјиштето плаќа надоместок во висина на трошоците за делумно уредување на земјиштето - делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа и не е целосно изградена инфраструктурата а корисникот на земјиштето инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа согласно заверената техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства должен е на локалната самоуправа да и надохнади за порано направените трошоци во висина од 30% од надоместокот за уредувањее на градежното земјиште, да овозможи на идните корисници на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надоместок односно инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и да ја предаде на локалната самоуправа без надоместок.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комуналната инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комуналната инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка што корисникот ги извел и ги изведува самоиницијативно без учество на општината а пред склучување на писмен договор за регулирање на градежното земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комуналната инфраструктура не се признаваат освен во локалите каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови истите се вклопуваат.

За овие локалитети мора да има исправна техничка документација за изградени објекти од инфраструктурата заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавните комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците - делот на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградена инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на локалната самоуправа, а новите корисници на земјиштето да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

Во поглед на присилна наплата каматата и застреноста на обврската за плаќање ќе се користи клазулата од Договорот помеѓу Инвеститорот и Органот на Општината надлежен за уредување на градежното земјиште

## 7 ДИНАМИКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од створените правни и технички услови како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и други средства.

## 8. ДРУГИ ОДРЕДБИ

1. На подрачјето на градежниот реон каде општината не е во можност да ги изгради сите објекти од инфраструктурата спрема планираниот степен на уреденост за поединечни градежни парцели, од кој што со надоместокот да се обезбедат потребните

финансиски средства, уредувањето ќе се врши по фази, во согласност со планираниот степан на уреденост на локалитетот.

2. Во цената на комуналниот надоместок не влегуваат приклучните такси за водовод,канализација и електрика.

3. Приклучоците на градежните објекти на водоводната, канализационата и електричната улична мрежа се изведуваат до регулационата линија.

4. Меѓусебните обврски помеѓу Општината и градителот се регулираат со договор.

5.Реализацијата на програмата ќе зависи од обезбедувањето на потребните финансиски средства.

Број : 08-1880/5
Дата: 25.12.2024
Конче

Совет на Општина Конче
Претседател
Александра Ристова